Синдикат на работниците од угостителството, туризмот комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Р. Македонија

СУТКОЗ

Trade Uunion of the Workers in Catering, Tourism, Comunal - Residental Economy, Handicraft and Associations for Disabled of Republic of Macedonia

Ул. 12 Ударна бригада бр. 2а, 1000 Скопје, тел./факс 02/3239-857
E-mail: sutkoz@yahoo.com

Бр. 0302-353

09.11.2016 год.
Скопје

До

Сојуз на синдикати на Македонија

за Претседател

СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ССМ
СКОПЈЕ

| Примено | 09.11.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0201 | 395/5 | | |

Предмет: Одговор на Ваше известување од 31.10.2016 год., бр.0201-395/1 до членовите на Советот на ССМ од СУТКОЗ на РМ.

Почитувани,

Членовите на Советот на ССМ од СУТКОЗ на РМ ни доставија известување од Ваша страна во однос на активностите - во случајов неактивностите на органите и телата на ССМ.

Вие, како претседател на ССМ си земате право да ставите мораториум на седниците на органите и телата на ССМ, (Извршниот одбор на претседателството на ССМ,претседателството на ССМ,како и Советот на ССМ) без консултација, одобрение, дискусија или било каква комуникација со гранските синдикати.

Членовите на Советот на ССМ ги претставуваат и застапуваат интересите на гранските синдикати кои членуваат во ССМ. Согласно тоа - членовите на Советот на ССМ од СУТКОЗ на РМ , ги застапуваат интересите и ставовите на СУТКОЗ на РМ. Затоа сме изненадени и револтирани заради крајно игнорантскиот однос кон нас, а имаме сознанија дека и други гранкови синдикати реагираат на сличен начин.

Во известувањето стои дека Советот на ССМ донел Одлука за одржување на седници по одржувањето на изборите во Декември 2016 година. Би сакале да ја видиме таа Одлука потпишана од страна на членовите на Совет, да се утврди валидноста на одлуката со мнозинство на гласови од членовите .

Самите тврдите дека Сојузот на синдикати на Македонија со овој мораториум ја промовира својата непартиска, недржавна, автономна позиција од една страна , а од друга страна сите органи и тела на Сојузот на синдикатите на Македонија трпат заради предизборните активности во државата. Ако сме непартиски и аполитични тогаш не треба да дозволиме секојдневните политички настани да влијаат на работата на ССМ, во спротивно докажуваме - односно Вие со Вашите донесени Одлуки - покажувате дека сте под влијание на политичките случувања во земјата, а тоа дава лоша слика дека сите гранкови синдикати се политички помалку или повеќе определени.

Околу турбулентниот период проследен со тенденциозни обиди, инсинуации, против-правни дејства и неовластени иницијативи согласни сме да се преземат соодветни законски мерки но тоа да важи за сите, бидејќи во изминатиот турбулентен период и самите бевме цел на такви тенденциозни обиди, инсинуации, неовластени иницијативи и други против-правни дејства .

По однос на давањето на одредени предлози кон Владата околу заштитата и унапредувањето на работничките права, како синдикат во кој мнозинството членови се од јавниот сектор, можеме само да констатираме дека не не´ удостоивте со ниедна дискусија, консултација, интерес околу предложените колективни договори на ниво на гранка, спорните Закони за административни службеници и јавни претпријатија итн., и дека ефектот од Вашите залагања за подобрување на правата на работниците се сведува само на веб.страната на ССМ.

Заради немањето на скоро никакви активности на ССМ, не само во предизборниот период, заради состојбата на поделеност и неединство во ССМ - која трае долго и нанесува ненадоместлива штета на синдикалното движење воопшто, заради сите обесправени работници кои не можат да чекаат да помине предизборниот период, па самите избори итн., заради позиционирањето и зацврстувањето на улогата на синдикатите , како социјален партнер во преговарањето со било која политичка гарнитура која ќе дојде на власт, БАРАМЕ органите и телата на ССМ да си ги извршуваат своите активности , веднаш да се свика седница на Советот на ССМ на која заеднички ќе се утврдат состојбите, ставовите, политиките, стратегиите на ССМ, позициите со политичкиот фактор во земјата , со цел остварување на примарната функција на ССМ - заштита на работниците и нивните права.

СУТКОЗ НА РМ
Претседател
м-р. Дарко Димовски